# Прирачник за обучувачи

URBAN
ENGANGING YOUTH WITH URBAN GARDENING

Стекнете се со компетенции за урбано градинарство и работа со млади



Co-funded by the Erasmus+ Programme of the European Union


SEEDS

# Содржина


1 Добредојдовте во Прирачникот за обучувачи за проектот УРБАН

2 За УРБАН

3 Зошто е важно да се вклучат младите во активностите за урбано градинарство

4 Зошто треба да ја користите програмата УРБАН

6 Вклучување во УРБАН обуката за млади обучувачи и УРБАН обуката за млади луѓе

8 Практичен совет за спроведување на УРБАН обуки за млади

9 Подготвени за акција!

# Добредојдовте во Прирачникот за обучувачи - УРБАН

Овој документ е наменет да ве поддржи во вашата подготовка за спроведување на Тренинг програмата од проектот УРБАН за младите луѓе. Исто така во него се даваат препораки и практични информации за тренинг програмата од проектот УРБАН за младински обучувачи (Вие!). Овој прирачник е тука за да ви помогне во комуникацијата со младите и да ги изнајде најдобрите можни начини за актуализирање на тренинг програмите од проектот УРБАН како и да донесе резултати од кои младите, кои учествуваат во вашите обуки, ќе бидат задоволни.

Тренинг циклусите од проектот УРБАН се инклузивни, интерактивни и практични. Иако модулите се целосно формирани и развиени, ние ве охрабруваме да ги преземете материјалите и да ги приспособите спрема вашите потреби. Затоа, ако веќе имате функционална градина каде што ги спроведувате обуките, можете да ги прилагодите обуките кон вашиот фактички контекст.

Обуките за УРБАН се формираат на начин што и искусните и помалку искусните обучувачи ќе може да го користат материјалот. Ова е затоа што ние обезбедуваме два различни обуки: УРБАН програма за обука на млади и УРБАН програма за млади тренери. Ве охрабруваме да ги преземете и двете, но сепак доколку сметате дека можете, добредојдени сте да ја употребите Тренинг програмата за млади за проектот УРБАН без да учествувате во тренинг програмата за млади обучувачи на проектот УРБАН.

Сепак, ве охрабруваме да ја преземете Тренинг програмата за обучувачи на млади бидејќи не само што ќе ви даде повеќе знаење од двете страни (урбано градинарство и држење обуки), туку и ќе ви даде алатки за да умеете да употребувате одредени практики со младите луѓе (нив ги нарекуваме „Трансферни единици“).

Се надеваме дека нашите обуки - УРБАН се корисен ресурс и ве покануваме да ни дадете повратни информации и да ни кажете каков ефект имаа обуките од проектот УРБАН врз вас.

Контактирајте со нас: info@urbangardeningproject.eu
Следете нè: https://www.urbangardeningproject.eu/

# За проектот УРБАН

Проектот УРБАН е двогодишен проект финансиран од програмата Еразмус+, 2019-2021 година. Главната цел на проектот УРБАН е да се охрабри активно учество и едукација на членовите на локалната заедница вклучувајќи ги оние кои се во неповолна положба или ѝ припаѓаат на ранлива група, млади луѓе, на пример мигранти, долгорочно невработени, преку поставување и одржување на урбаните градини.

## Проектот УРБАН има за цел:

Да развие ресурси за обука и учење со кои би се поддржал професионалниот развој на нови и постојни членови и едукатори во полето на обука на возрасни.

Активно вклучување на локални млади луѓе кои се под закана од маргинализација.

Развивање метод за обука, програма и методологија, вклучително и модули за обука, врз основа на активности поврзани со поставување и одржување на урбаните градини.

Програмата за обука на обучувачи на млади им дава можност на учесниците да учат за урбаното градинарство од една страна и да ги зголемат способностите за медијација од друга страна. Има четири модули во секоја обука и тие се поставени на начин со кој од разбирање на основните идеи како систематско размислување и каузални кругови се оди кон практичните компоненти како што е одржувањето на (ново) поставената градина. Преку програмата, учесниците треба да ја разгледаат сопствената работа и да се обидат да ги применуваат ново изучените методи.

Обуката за проектот УРБАН е отворен извор и е достапна на веб страната како и апликацијата (Android, iOs)

Посетете ја нашата веб страница за повеќе информации во врска со проектот Еразмус+ . Вклучување на младите во активности за урбано градинарство.



# Зошто е важно да се вклучат младите во активностите за урбано градинарство

Прво, градинарството е совршена алатка за неформално образование. Доколку размислиме од еколошка гледна точка, тоа дава можност за:

- Да се научи за потеклото на храната
- Да се разберат природните процеси
- Да се истражат опциите за здрав живот

Сепак, културната и социјалната перспектива играат голема улога исто така, бидејќи урбаните градини:

- Им помагаат на младите да стекнат практични вештини за сопствениот живот
- Им помагаат на младите да стекнат практични вештини за пазарот на трудот
- Ги охрабруваат младите луѓе
- Може да изградат заедница околу нив преку воведување нови луѓе во таа заедница
- Може да ја подобрат стапката во урбаните екосистеми

Како што Е. Ајзенберг елегантно вели во нејзиниот напис „Заеднички нешта кои навистина постојат: – три моменти во заедничките градини во Њу Јорк (2011 година)“, урбаните градини се многу важни во развивањето на заедницата и се практични примери за заедничките работи кои постојат во урбаната заедница. Урбаните градини ја покажуваат можноста за креирање на сопствена материјална животна средина во согласност со сопствената култура на групата, историјата, желбите и визијата. Ова ја претвора заедницата во вистинска конструктивна структура. Важно е градинарите да развијат нови претстави за простор кои се засноваат врз критички испитувања на мислењата на соседствата, заедниците и градот.

Овој дел е исто така важен бидејќи младите се сè повеќе активни во политичкиот свет, се борат за иднината во однос на климатските промени. Затоа, важно е младите да се вклучат во активностите за урбаното градинарство за да можат да креираат идеи за своите заедници и начини како тие идеи може да се реализираат. Нашето истражување од проектот УРБАН покажува дека најголемиот дел од младите никогаш не учествувале во градинарски активности, дури и како тие го сметаат градинарството за позитивна работа. Позитивната перцепција за урбаното градинарство е мотивирана од различни побуди, како учење како да се одгледува органска храна, како да се подобри животната средина, да се помине повеќе време на отворено, да се стекне финансиска добивка, да се стекнат нови пријателства со луѓе со исти интереси, да се научи повеќе за животната средина, екосистемите и климатските промени. Исто така, експертите ја искажуваат својата загриженост за укинување на училишните градини: „Имаме генерации кои не знаат ништо за тоа како се одгледува зеленчук“.

Така, доаѓаме до контрадикторност кога имаме активни борци за климата, но пасивни урбани градинари. Овде сакаме да креираме поактивни урбани градинари, кои ќе може да ги водат младите и во битката за климатски промени.

# Зошто треба да ја користите програмата на проектот УРБАН

## А. Програма за обучувачи на млади

Програмата е дводелна, што значи дека ќе го зголеми вашето знаење за урбано градинарство како и вашите способности во медијацијата и работата со младите. Програмата е изработена да ги опфати основите на систематското мислење и како тоа се поврзува со урбаното градинарство, а подоцна ќе научите и за основите на почвите и екологијата, третиот модул е посветен на урбаните градини и на процесот на нивното поставување. На крајот, ќе научите како да ја одржувате градината. Сите овие модули имаат „Трансферни единици“ чија цел е да ви помогнат да го примените она што сте го научиле во вашата работа со младите.

Модулите се интерактивни и практични вклучувајќи разни методи и задачи за вас. Тие може да се изведат целосно онлајн, но ве охрабруваме да ги ставите задачите во контекст и да ги употребите како алатка за поддршка, градење и одржување на урбаните градини.

## B. Програма за младите

Αυτό το πρόγραμμα έχει σκοπό να σας βοηθήσει στην εργασία σας με τη νεολαία σε αστικούς κήπους. Έχει επίσης διττό χαρακτήρα: κατά τη διάρκεια της εκπαίδευσης οι νέοι μαθαίνουν για την αστική κηπουρική, αλλά ενώ εμπλουτίζουν τις γνώσεις τους στον τομέα της οικολογίας και της γεωργίας, οι νέοι αυξάνουν τις κοινωνικές και πολιτιστικές τους ικανότητες. Η εκπαίδευση έχει διαμορφωθεί για να είναι διαδραστική και ελκυστική, επομένως αναμένεται ότι
ως εκπαιδευτής νέων, θα εξασφαλίσει καλή εμπειρία για νέους.

Οι εκπαιδεύσεις URBAN έχουν σχεδιαστεί ως μια ευέλικτη εκπαίδευση που μπορεί να παραδοθεί αποκλειστικά διαδικτυακά και θεωρητικά, καθώς και σε διαφορετικά πραγματικά περιβάλλοντα, κατά προτίμηση αστικούς κήπους ή χώρους με προβλεπόμενες δραστηριότητες αστικής κηπουρικής.
Τα παρεχόμενα υλικά δίνουν σημαντικό όγκο περιεχομένου και το πιο σημαντικό, ευκαιρία να τα διαμορφώσετε και να τα προσαρμόσετε ώστε να είναι κατάλληλα και σχετικά με τους συμμετέχοντες σας.

Η δομή έχει σχεδιαστεί για να το κάνει αυτό εύκολο και απλό – όπου οι δραστηριότητες και το περιεχόμενο μπορούν να μεγεθύνονται, ή να εξαιρεθούν, να παραδοθούν διαδραστικά ή να παρουσιαστούν ως παράδειγμα. Σας ενθαρρύνουμε να παρακολουθήσετε το μάθημα και να σκεφτείτε τα τοπικά σας παραδείγματα εκ των προτέρων καθώς και υλικό που θα μπορούσε να προστεθεί ή να απορριφθεί, καθώς είναι λιγότερο σχετικό με τη συγκεκριμένη περίπτωσή σας.

## Βήματα πριν την παράδοση του εργαστηρίου στους νέους

1. Συμμετέχετε στην εκπαίδευση URBAN για εκπαιδευτές νέων
2. Σκεφτείτε πιθανές εφαρμογές των μονάδων μας μεταφοράς
3. Προτού παραδώσετε ενότητες για νέους, | περάστε μόνοι σας την ενότητα
4. Εξερευνήστε ποιες δραστηριότητες και εργασίες μπορούν να εφαρμοστούν και να διεξαχθούν υπό τις περιστάσεις σας
5. Προσαρμόστε το περιεχόμενο στις εξατομικευμένες εκπαιδευτικές ανάγκες
6. Συμπεριλάβετε τις δικές σας περιπτωσιολογικές μελέτες και παραδείγματα
7. Κάντε λίγη επιπλέον ανάγνωση για το θέμα εάν πιστεύετε ότι θα ήταν



# Вклучување во УРБАН обуката за млади обучувачи и УРБАН обуката за млади луѓе

Четирите модули од обуката УРБАН за млади се дизајнирани да се предадат како целосна програма, сепак вие може да изберете да предадете само некои од нив или пак делови од нив. Ве охрабруваме да ја спроведете целосната обука за да ги добиете најдобрите резултати од неа.

Секој модул е дизајниран да се спроведе во 1.5 до 2 часа.
Сепак во рамките на модулите постои поврзаност па затоа најдобро би било учесниците да присуствуваат на секој од нив, ова може да се спроведе со добро планирање. Можно е да се изберат компоненти за да се спроведе позбиена верзија. Но сепак, ова зависи од подготовката и интерпретацијата на содржината за соодветната публика.

Обуката УРБАН за обучувачи за млади ги следи истите правила: може да одберете само некои од модулите, но сепак ве охрабруваме да ја спроведете обуката целосно. Исто така, ве советуваме да го следите распоредот на модулите (почнувајќи од првиот па до четвртиот).

| МОДУЛ 1 | МОДУЛ 2 | МОДУЛ 3 | МОДУЛ 4 |
| --- | --- | --- | --- |
| Систематско размислување (каузални кругови) – Разбирање на климатските промени, еколошката стапка и важност на здравата храна. | Основи на екологијата и на почвите- Дознајте за квалитетот на почвата и екологијата во градовите и како да се зајакне почвата во различни контексти. | Урбано градинарство 1: поставување- Дознајте за постојните видови на методи за урбано градинарство и локации за тоа, за различните типови урбано градинарство и како да ги користите. | Урбано градинарство 2: Одржување- Стекнете се со општи тренинг техники и вештини за тоа како да ја информирате и анимирате јавноста за потенцијалните можности за обуки за урбано градинарство и мотивирајте ги луѓето за учество.. |



# Практичен совет за спроведување на УРБАН обуки за млади

## Запознајте ја публиката

Важно е да знаете кои се учесници во програмата, да разберете зошто тие се интересираат за вашата програма и како таа ќе биде успешна за нив. Водете сметка за да го одржите интересот кај младите низ целата обука. Се надеваме дека нашите практични примери и интерактивни задачи ќе ви помогнат во тоа.

## Однапред научете ја обуката

Запознајте се со тренинг материјалите. Исто така водете сметка за целите од учењето за да можете да се навратите на нив и да процените дали тие се постигнале. Секој модул е поддржан со теорија, вклучува практични активности за учење и можности младите да размислат за она што го научиле.

## Подготовката е важна

Ќе треба да поминете некое време во подготвување и приспособување на дадената содржина за соодветниот контекст, и исто така за почеток прочитајте го овој водич! На пример, иако програмата е дизајнирана како една целина, со модули кои се предаваат во низа, сепак можете да предавате засебни модули или да ја приспособите содржината на УРБАН обуката и активностите од него како дополнување на другите програми за учење. Исто така ќе треба да изработите работилници кои ќе бидат релевантни за вашата публика со тоа што ќе ги вклучите студиите на случај и најдобрите практики.

## Учете и испробувајте

Проектот УРБАН е структуриран со цел да се креираат повеќе урбани градини и да се стекнат знаења за нив. Затоа, ве охрабруваме за време на обуката со младите да работите на вистински парцели да формирате привремени урбани градини.

## Создајте заедница

Создајте ваша заедница и мрежа со помош на проектот УРБАН во која ќе ја охрабрите соработката и поддршката помеѓу членовите дури и надвор од програмата. Од голема помош е да имате добра комуникација претходно, да им дадете можности на учесниците да создадат добри односи за време на предавањата и да им дадете повратни информации и онлајн активности за да ги зацврстите резултатите. Затоа ве охрабруваме прво да ја разгледате обуката за обучувачи бидејќи и таму ќе можете да ја проширите мрежата.

## Креирајте пријателска средина

Бидејќи целта на урбаните градини е да креираат нив простор и нова претстава на просторот и заедницата, важно е да се има простор за активностите на групата. Исто така треба да се стремите кон креирање на позитивна и безбедна средина за младите каде што тие ќе можат да учат и практично да експериментираат.

# Подготвени за акција!

Ние сметаме дека како заинтересирана страна за нашата работа и за обуките од проектот УРБАН вие ќе имате ентузијазам, желба и доследност за работа со младите и ќе ги поддржувате своите колеги. Исто така може да имате искуство со урбано градинарство или работа со млади, но тоа не е задолжително, затоа нашата намера е обуките да ви помогнат да ги зголемите своите лични вештини како и да се стекнете со тренинг материјали во вашата работа со младите.

Обуката е работилница, а не предавање и покрај тоа што таа е теоретски поддржана, вие не мора да бидете експерт.
Доколку сте самоуверени во насочувањето на групната работа, вие успешно ќе ги ангажирате младите во урбаното градинарство.

